Друштвото за осигурување
ПРВА ЖИВОТ АД
Бр. 0202-1881/2
06.08.2025 год.
СКОПЈЕ

ПРВА Живот

# СТАТУТ
# на
# Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје
# (Пречистен текст)

**Скопје 06.08.2025**

Врз основа на член 22 од Закон за трговските друштва, а во согласност со член 287, 383, 418 и 419 од Законот за трговските друштва и одредбите од Законот за супервизија на осигурување, како и подзаконските акти на Агенцијата за супервизија на осигурување, а согласно Одлуката на Собранието на акционери за измена/дополнување на Статутот на Друштво за осигурување ПРВА Живот АД Скопје бр.0201-233/4 од 20.11.2023 година, Одлуката на Собранието на акционери за измена на Статутот на Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје бр.0201-102/12 од 15.05.2024 година, Одлуката на Собранието на акционери за измена на Статутот на Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје бр.0201-122/9 од 10.06.2025 година Одборот на директори на Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје на ден06.08.2025 го утврди пречистениот текст на следниот:

# СТАТУТ
# НА
# Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје (во натамошниот текст: „Друштвото") е акционерско друштво, основано и организирано во согласност важечките закони во Република Северна Македонија, заради вршење работи на животно осигурување на целата територија на Република Северна Македонија.

### Член 2

Со овој статут се уредува корпоративното уредување, активностите и организацијата на друштвото, вклучувајќи особено, но без ограничување, како што следува:

1) Фирма и седиште на Друштвото;
2) Класи на осигурување во рамки на кои Друштвото ќе врши работи на осигурување;
3) Висина на акционерски капитал на Друштвото, основачи и акции;
4) Зголемување и намалување на основната главнина;
5) Положбата, правата и должностите на акционерите;
6) Органи на Друштвото;
7) Застапување и претставување на друштвото;
8) Доверливост на податоците, деловна тајна и забрана на конкуренција;
9) Управување со ризик и имот на Друштвото;
10) Овластен актуар;
11) Деловни книги, годишни и финансиски извештаи, исплата на дивиденда;
12) Инспекција, мониторинг, ревизија и супервизија;
13) Внатрешна организација на Друштвото;
14) Престанок на Друштвото;
15) Постапка на измена на Статутот; и
16) Завршни одредби.

## II. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

### Член 3

Фирмата на Друштвото на македонски јазик ќе гласи:

1. Целосно име: **Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје**
2. Скратено име: **ПРВА ЖИВОТ АД Скопје**

Во меѓународната комуникација, покрај називот на друштвото запишан во Трговскиот регистар, триштвото

користи англиски превод на фирмата и тоа: целосно име **Insurance company PRVA LIFE JSC Skopje**, скратено име **PRVA LIFE JSC Skopje**.
Предлог за измена на називот на друштвото може да даде Одборот на директори или акционери кои поседуваат минимум 10% од правата на глас во друштвото, а одлуката за измена ја носи Собранието на акционери.

**Член 4**

Седиштето на Друштвото е на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 6 влез 1 кат 2, Општина Центар, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.
Предлог за измена на седиштето на Друштвото може да даде Одборот на директори или акционери кои поседуваат минимум 10% од правата на глас во друштвото, а одлуката за измена ја носи Собранието на акционери.

**Член 5**

Друштвото е основано на неопределено време на траење.
Друштвото ќе настапува на пазарот во свое име и за своја сметка, а за обврските одговара со целокупниот свој имот.

**Член 6**

Друштвото има своја жиро сметка и свој знак (лого).
Друштвото има свој кружен печат и свој архивски печат.
Кружниот печат на Друштвото има кружна форма и ширина од 30 мм. Содржината текстот на кружниот печат е претставена преку фирмата и логото на Друштвото.
Архивскиот печат на Друштвото има правоаголна форма со должина од 48 мм и ширина од 20 мм. Содржината на текстот на архивскиот печат е претставена преку фирмата или скратениот назив на Друштвото, седиштето, архивскиот број и датата на заверка на актот.
Кружниот печат и архивскиот печат се употребуваат во писмената комуникација со трети лица и во внатрешната комуникација на Друштвото, доколку тоа е неопходно согласно Закон или овој Статут.
Бројот на кружните печати и архивските печати, начинот на нивната употреба, чување и ракување се уредува со Одлука на Извршниот директор на Друштвото.
Друштвото ќе работи под заштитен знак (лого).

## III. ПРЕДМЕТ НА ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 7**

Друштвото може да врши само работи на осигурување односно склучување и исполнување на договори за животно осигурување.
Во рамките на работите на осигурувањето, Друштвото може да врши следните работи директно поврзани со работите на осигурување:

1. посредување во договарање на осигурување и реосигурување;
2. операции со фјучерс договори, опции, како и други слични финансиски инструменти, доколку истите се користат како обезбедување од ризици настанати како резултат на флуктуации на девизниот курс и каматните стапки, а во согласност со Законот за супервизија на осигурување;
3. снимање на ризици;
4. снимање и процена на штети;
5. укажување на правна помош во осигурувањето; и
6. давање на други интелектуални и технички услуги поврзани со работи на осигурување.

**Член 8**

Друштвото ќе врши работи на осигурување во следните класи:

1. Осигурување од последици на несреќен случај - незгода (класа 1)
2. Здравствено осигурување (класа 2)
3. Осигурување на живот (класа 19)
4. Осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик во однос на промена на вредноста на инвестициските купони или други хартии од вредност на инвестициските фондови (класа 21)

За воведување на нова класа на осигурување, Друштвото задолжително поднесува барање до Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: „Агенцијата").

**Член 9**

Приоритетна дејност/Главна приходна шифра на Друштвото согласно Националната Класификација на Дејностите е **65.11 – осигурување на живот**.

**Член 10**

Друштвото за да ја врши основната дејност може да основа подружници и канцеларии на територијата на Република Северна Македонија.

Одлуката за отварање на подружници и канцеларии на територијата на Република Северна Македонија ја донесува одборот на директори.

## IV. ВИСИНА НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ НА ДРУШТВОТО, ОСНОВАЧИ И АКЦИИ

**Член 11**

Основната главнина и акциите гласат во евра, кои како противредност изразени се во денари, според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на одлуката за издавање на акциите.

Основната главнина на Друштвото изнесува **4.500.000,00 евра (четири милиони и петстотини илјади евра)** изразено во денарска противредност.

**Член 12**

При основањето Друштвото има еден акционер, и тоа:

1. **ПРВА ГРУП, осигурителна холдинг компанија, плц** (SKUPINA PRVA, zavarovalniški holding, d.d.), со седиште на Фајфарјева (Fajfarjeva) улица бр. 33, Љубљана, Република Словенија.

**Член 13**

Основната главнина на Друштвото е поделена во 4.500 (четири илјади и петстотини) обични акции и сите се поседувано од **ПРВА ГРУП, осигурителна холдинг компанија, плц** (SKUPINA PRVA, zavarovalniški holding, d.d.), со седиште на Фајфарјева (Fajfarjeva) улица бр. 33, Љубљана, Република Словенија.

**Член 14**

Номиналната вредност на една обична акција изнесува во ЕУР 1.000,00 (илјада) ЕВРА во денарска противвредност.

Собранието на Друштвото преку измена на Статутот може да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали или да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ под услов основната главнина да остане непроменета.

Акциите од наредните емисии можат да се уплатат во пари, со тоа што мора да бидат без товар и да му овозможуваат на Друштвото со нив слободно и трајно да располага од моментот на нивното запишување.

Акциите на Друштвото од втората и наредните емисии можат да се купуваат со уплата на жиро сметката на Друштвото одеднаш или во повеќе рати, ако таква можност е предвидена со одлуката за издавање на

акции.

**Член 15**

Одлука за издавање на акции донесува Собранието на Друштвото со мнозинство на гласови кое не може да биде помало од две третини од акциите со право на глас. Со одлуката за издавање на акции е предвидено и издавање на потврда со која се потврдува дека имателот го поседува бројот на акциите означени во потврдата.
Одлуката за издавање на акции ги содржи податоците утврдени согласно Закон.

**Член 16**

Секоја акција гласи на име на акционерот.
Обичните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:

1. право на глас во Собранието на Друштвото;
2. право на исплата на дел од добивката (дивиденда); и
3. право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

Секоја акција која дава право на глас ќе дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

**Член 17**

Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „ЦДХВ") согласно законот.

## V. ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

**Член 18**

Зголемувањето или намалувањето на основната главнина на Друштвото се врши со Одлука за заголемување или намалување на основната главнина на Друштвото, донесена од Собранието со мозинство кое не може да биде помало од две третини од акциите со право на глас претставени во Собранието.

**Член 19**

Издавањето на нови акции треба да биде одобрено од Комисијата за хартии од вредност и Агенцијата за супервизија на осигурување, доколку тоа се бара според законот и да биде спроведено во постапка предвидена со применливите закони.

**Член 20**

Друштвото може да изврши условно зголемување на основната главнина согласно применливите законски одредби.

## VI. ПОЛОЖБА, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ

**Член 21**

"Акционер" е сопственик на една или на повеќе акции кој не одговара за обврските на друштвото.
Лице се стекнува со својство на акционер на друштвото по уписот на книгата на акции на друштвото при Централниот депозитар за хартии од вредност, на начин определен со закон.
Акционерите кои поседуваат обични акции, имаат права кои произлегуваат од таквите акции, определни со закон и овој Статут.
Акционер има право да биде информиран за работењето на Друштвото, да врши увид во книгите на Друштвото и во други акти и документи на Друштвото, во согласност со закон.
Правата од акциите кои ги има акционерот согласно Закон и Статут, престануваат доколку настанат измени

кои ќе доведат до бришење на акционерот од книгата на акции на друштвото.

## VII. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

### Член 22

Друштвото има едностепен систем на управување, во согласност со закон и одредбите од овој Статут.
Органи на Друштвото се:
1) Собрание на акционери („Собранието“); и
2) Одбор на директори.

### Собрание на акционери

### Член 23

Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието на друштвото.
На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас.

Членовите на одборот на директори учествуваат во работата на собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

### Член 24

Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собрание на друштво (во натамошниот текст: полномошник), коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Полномошникот ги ужива истите права, како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на собранието на друштвото.
Овластување на полномошник на седница на собрание на друштвото се дава во писмена форма и заверено на нотар.
Полномошно може да се даде само за една седница на собранието на друштвото.

### Член 25

Собранието особено одлучува за:
1. измена на статутот;
2. измена на називот и седиштето на друштвото;
3. одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;
4. распределбата на добивката;
5. избор и отповикување на членовите на одборот на директори;
6. одобрување на работата на членовите на одборот на директори;
7. промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
8. зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
9. издавање акции и други хартии од вредност;
10. назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
11. преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото;
12. престанување на друштвото; и
13. други работи за кои е надлежно собранието согласно закон и овој статут.

**Член 26**

Годишното собрание го свикува одборот на директори најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.

На годишното собрание:

I. се разгледуваат и се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;
II. се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата и
III. се одобрува работата на членовите на одборот на директори.

Ако одборот на директори не го свика годишното собрание навреме, собранието без одлагање го свикуваат неизвршните членови на одборот на директорите.

**Член 27**

Собрание на друштвото може да се свика во времето меѓу две годишни собранија, кога тоа го бараат интересите на друштвото.

Одборот на директори, односно неизвршните членови на одборот на директори можат, со мнозинство гласови од своите членови, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување собрание.

Барање за свикување собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десеттина од сите акции со право на глас. Во барањето што го поднесуваат по писмен пат, акционерите кои бараат свикување собрание мораат да ги наведат целта и причините за свикувањето на собранието, своето име и презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Кон барањето акционерите доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во друштвото.

Одборот на директори, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.

Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас одборот на директори, не свика собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување собрание до судот.

**Член 28**

Собранието на друштвото работи на седници.

Собранието може да биде свикано со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување јавен повик до акционерите.

Поканата, односно јавниот повик за свикување собрание ги содржи следниве податоци:

1. фирмата и седиштето на друштвото;
2. местото и датумот на одржување на собранието;
3. условите за присуството на собранието и за начинот на гласање;
4. дневниот ред според кој ќе работи собранието и
5. начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собранието кое што е свикано.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.

Доставувањето на поканата и материјалите, се врши согласно одребите на законот за трговските друштва

**Член 29**

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред.
Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.
Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собрание коешто ќе биде свикано, согласно законот.

**Член 30**

Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието.
Пред почетокот на одржувањето на собранието, органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието.
Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот на акционери го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието (верификуван учесник на собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа.

**Член 31**

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

**Член 32**

Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен доколку согласно закон или овој статут одлуката треба да се донесе со 2/3 (двотретинско) мнозинство.
Начинот на гласање го определува претседавачот со собранието.
Одлуките на собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

**Член 33**

Со седницата на собранието претседава претседавач (во натамошниот текст: претседавач со собрание).
Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието.
Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание.
За претседавач со собранието може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер.
За претседавач со собранието не може да биде избран член на одборот на директори.

**Член 34**

За работата на собранието се води записник којшто содржи податоци за:

1. фирмата и седиштето на друштвото;
2. датумот, времето и местото на одржувањето на собранието;
3. името на претседавачот со собранието, односно името на записничарот и имињата на членовите

на комисијата за гласање, ако се избираат;
4. дневниот ред на собранието;
5. бројот на присутните акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;
6. расправата водена на собранието;
7. значајните настани на собранието, како и поднесените предлози;
8. одлуките, бројот на гласови „за“ и „против“ и бројот на воздржаните гласови; и
9. оградувањата, односно противењата на акционер, член на органот на управување, односно на надзорниот орган против некоја одлука ако е изјавено оградување, односно противење.

Собранието избира записничар и двајца заверувачи на записникот.
За записничар и заверувачи на записник не може да биде избран член на одборот на директори, ниту претседавачот со собранието.
Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.
Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието.
Записникот го води Нотар, во случај на собранието да се носат одлуки со кои се менуваат податоци кои се запишуваат во трговскиот регистар.

**Член 35**

Ништовност и побивање на одлука донесена од собранието на друштвото може да се бара во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва.

## Одбор на директори

**Член 36**

Управувањето на друштвото ќе биде организирано според едностепениот систем на управување. Со измени на статутот може едностепениот систем на управување да биде заменет со двостепен.

**Член 37**

Орган на управување на друштвото е одборот на директори.
Одборот на директори ќе брои 3 (три) членови и тоа 1 (еден) извршен член, а 2 (два) неизвршни членови на одборот, од кои 1 (еден) е независен.
Членовите на одборот на директори ги избира собранието со одлука, при што во одлуката се назначува кој е независен член на одборот на директори.
Од редот на избраните членови на одборот на директори, членовите бираат 1 (еден) извршен член на одборот на директори.

**Член 38**

За членови на органот на управување – одборот на директори можат да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни, а ги исполнуваат условите за член на орган на управување предвидени во Законот за супервизија на осигурување, подзаконските акти на Агенцијата за супервизија на осигурување, како и останатите закони во сила.

**Член 39**

Одборот на директори од редот на неизвршните членови, со мнозинство гласови од вкупниот број членови избира претседател на одборот на директори.
Претседателот на одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водењето евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и одлучување на одборот на директори.
Ако претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е

отсутен, со состаноците на одборот на директори претседава друг неизвршен член, со мнозинство гласови на присутните членови на одборот на директори.
Работата на одборот на директори се уредува со Деловник за работа, кој го донесува Одборот на директори едногласно.

**Член 40**

Мандатот на членовите на одборот на директори трае 4 (четири) години, со право на повторен избор, без ограничување на бројот на мандатите.

**Член 41**

Собранието со одлука го определуваат месечниот паушал или паушалот по одржан состанок на неизвршните членови на одборот на директори.
Извршниот член на одборот на директори мора да е вработен во друштвото.

**Член 42**

Со друштвото управува одборот на директори.
Одборот на директори управува со друштвото во рамките на овластувањата определени со закон и со овој статут, како и овластувањата кои му се изречно дадени од собранието.
Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето со друштвото, во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на извршниот член на одборот на директори.
Одборот на директори може да формира едно или повеќе помошни тела (одбори, комисии и сл.) од редот на своите членови и од други лица.
Помошните тела не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Одборот на директори, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски. Помошните тела не може да ги пренесат своите надлежности на други тела или лица.
Составот, условите, содржината на работата и начинот на работењето на овие помошни тела поблиску се одредуваат со одлуката за нивно формирање и други интерни, законски или подзаконски акти или одлуки донесени во согласност со овој Статут.
Сите активности на помошните тела подлежат на одобрение од страна на Одборот на директори.

**Член 43**

Во рамките на своите овластувања одборот на директори ги врши особено следните работи:

- донесува годишен план и програма за работа, по предлог на Извшниот член на одборот на директори;
- донесува општи акти кои се во негова исклучива надлежност согласно овој Статут и применливите прописи, по предлог на извршниот член на одборот на директори, освен оние кои се во надлежност на собранието или извршниот член;
- ги одобрува предлог актите кои се во надлежност за донесување од страна на собранието, а се предложени од Извршниот член на одборот на директори;
- ги извршува насоките и налозите на собранието, а кои се во исклучива надлежност на одборот на директори и неможат да се пренесат на Извршниот член на одборот на директори;
- ги одобрува тромесечните и годишни извештаи за работата на друштвото, составени од страна на Извршниот член на одборот на директори и за годишниот извештај дава свое мислење до собранието на друштвото;
- ја одобрува годишната завршна сметка на друштвото, изготвена од страна на Извршниот член на одборот на директори и дава свое мисење по истото до собранието на друштвото;
- го одобрува и доставува до собранието на друштвото извештајот на внатрешната ревизија на друштвото и дава свое мислење по истото;

- го одобрува и доставува до собранието на друштвото извештајот на надворешната ревизија на друштвото и дава свое мислење по истото;
- го одобрува предлогот за распределба на добивката или покривање на загубата изготвен од Извршниот член на одборот и го доставува до собранието за усвојување;
- го носи актот на внатрешна организација на Друштвото;
- одлучува во втор степен по приговорите на работниците;
- врши избор на членови во органи и тела на друштвото, за кои не одлучува соранието;
- ;
- дава предлог до собранието за избор на надворешен ревизор;
- врши и други работи кои ќе произлезат од тековното работење на друштвото или по барање на собранието.

Одборот на директори своите надлежности ги врши на деловни состаноци.
Одборот на директори се состанува по потреба, но најмалку четири пати во текот на годината, односно задолжително еднаш во текот на три месеци, еден од состаноците мора задолжително да се одржи пред годишното собрание.

**Член 44**

Одборот на директори определени овластувања од својата надлежност може да ги пренесе на извршниот член.
Овластувања кои се во исклучива надлежност на одборот на директори и истите не може да ги пренесе на извршниот член на одборот на директори се следните:

- затворање (престанок) или пренос на претпријатието или негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;
- намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;
- значајни внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;
- воспоставување на долгорочна соработка со други друштва од големо значење за друштвото или нејзино прекинување;
- основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на друштвото;
- основање и престанување на подружници на друштвото;
- давање на согласност на членови на одборот на директори за вршење на активности кои потпаѓаат под активностите кои ги врши друштвото;
- одобрување на позјамици на членови на одборот на директори; и
- одобрување на договори помеѓу членови на одборот на директори и друштвото.

**Член 45**

Извршниот член на одборот на директори е овластен да го води работењто на друштвото и има најшироки овластувања да ги врши работите поврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на одборот на директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од името на друштвото.
Извршниот член на одборот на директори е должен веднаш писмено да ги извести неизвршните членови на одборот на директори, доколку:

1) е загрозена ликвидноста или солвентноста на друштвото;
2) постојат причини за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување или за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување во одделна класа на осигурување; и
3) финансиската состојба на друштвото за осигурување се променила со што друштвото за

осигурување повеќе не го обезбедува потребното ниво на маргина на солвентност согласно законските прописи.

Извршниот член на одборот на директори е должен веднаш писмено да ги извести неизвршните членови на одборот на директори за следново:

1) именување или истекување на мандатот во надзорни органи на други правни лица и
2) трансакции врз основа на кои Извршниот член на одборот на директори или негови блиски роднини, директно или индиректно се стекнале со акции, или удели во некое правно лице врз основа на што, учеството на Извршниот член на одборот на директори заедно со неговите блиски роднини во тоа правно лице, го надминало нивото на квалификувано учество, како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувано учество во тоа правно лице.

**Член 46**

Неизвршните членови покрај овластувањата кои им се определени со закон во вршењето на правото на надзор над работењето од страна на извршниот член, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.

Неизвршните членови за вршење на определени стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во друштвото или друго стручно лице – овластен ревизор.

**Член 47**

Неизвршните членови на одборот на директори во рамките на своите овластувања ги вршат особено следните работи:

- надзор и контрола врз работата на друштвото
- надзор и контрола врз употребата на материјалните средства на друштвото;
- ги разгледува и дава свое мислење за тромесечните и годишните извештаи, како и на завршната сметка за работата на друштвото;
- дава предлог за донесување на одлука за распределба на добивката;
- подготвува извештаи за извршениот надзор и контрола за работењето на друштвото и органите на друштвото;
- укажува на извршниот член на друштвото за евентуални застои во извршувањето на планот и програмата за работата на друштвото, како и за евентуални грешки и недостатоци во работењето;
- вршат и други работи согласно закон и статут, како и по овластување од собранието.

**Член 48**

Членовите на одборот на директори своите работи должни се да ги вршат со внимание на уреден трговец и да ги чуваат деловните тајни за времето и по престанокот на мандатот во одборот.

Членовите на одборот на директори кои ќе извршат повреди на своите обврски, на друштвото му одговараат за причинетата штета како солидарни должници.

**Член 49**

Доколку од било кои причини бројот на членовите на одборот на директори се намали под бројот определен со закон, собранието мора да назначат нови членови на одборот на директори, во согласност со роковите од Законот за трговски друштва и Законот за супервизија на осигурување.

**Член 50**

За секој договор или друга деловна активност на друштвото во која што друштвото е странка и во којашто член на одборот на директори има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи според Законот за трговски друштва.

Секој член на одборот на директори, на друштвото кој има интерес е должен веднаш да го пријави тоа на основачите – акционери.

**Член 51**

Извршниот член на одборот на директори редовно, а најмалку квартално му поднесува извештај на одборот на директори, а еднаш годишно на собранието, за своето работење, а по истекот на деловната година поднесува годишна сметка за финансиско-материјалното работење на друштвото.

**Член 52**

Одборот на директори одлучува на деловни состаноци.
Одборот на директори може полноправно да одлучува ако се присутни најмалку половина од членовите, но бројот на присутни неизвршни членови мора да е поголем од бројот на присутните извршни членови.
Одборот на директори одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.
Во случај на ист број на гласови, одлучувачки е гласот на Претседателот.

**Член 53**

Собранието може да ги отповикаат сите членови на одборот на директори, односно било кој член на одборот и пред истекот на мандатот за кој е избран.
Извршниот член на одборот на директори може да биде отповикан од одборот на директори или од собранието, со или без соодветно образложение.
Членовите на одборот на директори кои се отповикани од функцијата пред истекот на мандатот за кој се избрани, може да бараат надомест на штета доколку така е определено со менаџерскиот договор.

**Член 54**

Одборот на директори може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на одборот дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок.
За сите одлуки донесени на начин од ставот еден на овој член, претседателот на Одборот на директори или физичкото лице коешто тој ќе го овласти, подготвува записник во којшто се евидентираат одлуките. Записникот го потпишува претседателот на Одборот на директори, а во негово отсуство член на Одборот на директори, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката којашто ја донеле без одржување состанок.
Одлуките донесени на начин од ставот еден на овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од ставот еден на овој член од страна на сите членови на Одборот на директори, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

## VIII. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕСТАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 55**

Друштвото во односите со трети лица го застапува извршниот член на одборот на директори (извршен директор).
Извршниот член на одборот на директори своите овластувања ќе ги врши во рамките на законот и овој статутот и по овластување на собранието.

**Член 56**

Извршниот член на одборот на директори во рамките на своите овластувања го раководи друштвото, ги спроведува одлуките на одборот на директори и собранието, како и други тековни активности на друштвото и дејствува во сите околности во името на друштвото.
Извршниот член на одборот на директори го организира и раководи целокупниот процес на работа во

друштвото и е одговорен за законитоста во работењето.

**Член 57**

Извршниот член на одборот на директори постапува во рамките на своите овластувања пропишани од страна на одборот на директори и основачите – акционери, а особено ги врши следните работи:

- го претставува друштвото пред трети лица;
- ги врши сите оперативни работи во работењето на друштвото;
- ја предлага и води деловната политика на друштвото;
- ја изготвува и потпишува годишната завршна сметка на друштвото и ја да доставува до одборот на директори за одобрување;
- изготвува и предлага до одборот на директори на друштвото општи акти кои се во исклучива надлежност на Одборот на директори;
- ги предлага до одборот на директори годишните план и програма за работа и презема мерки за нивно извршување по нивното одобрување од одборот на директори;
- превзема мерки за унапредување на работата и усовршување на процесот на работењето;
- ги извршува одлуките на одборот на директори и собранието;
- го предлага актот на внатрешна организација на друштвото до одборот на директори и го носи актот на систематизацијата на друштвото, кој мора да бие во согласност со актот за внатрешна организација на Друштвото;
- изготвува тромесечни и годишни извештаи до одборот на директори;
- ги избира, распоредува, разрешува работниците ;
- ги определува работните обврски на вработените во друштвото и ја определува висината на надоместокот – платата ;
- одлучува за прием на нови вработени ;
- склучува договори од областа на работните односи ;
- ги избира, распоредува, разрешува носителите на функции во органите и телата на друштвото по претходна согласност од одборот на директори;
- врши и други работи определени со закон, статут и колективниот договор, како и други работи кои ќе му ги додели одборот на директори и собранието.

Во вршењето на своите работи и задачи извршниот член на одборот на директори донесува општи акти (правилници, процедури, упатства, планови, стратегии и др.) и посебни акти како одлуки, наредби, решенија, упатства и други акти, а за кои е надлежен согласно овој статут и применливите прописи.

При одлучување по следните прашања, извршниот член на одборот на директори мора да има претходна согласност од неизвршните членови на одборот на директори или одлуката да ја донесе одборот на директори:

- проширување на активностите на друштвото или тие на подружница на друштвото на нови пазари или други правни јуриздикии;
- склучување на долгорочна соработка со големо значење за работата на друштвото со трети страни или прекинување на таква соработка;
- извршување на нови активности на друштвото, а кои не се поврзани со осигурување;
- склучување на трансакции под непазарни услови;
- продажба на значаен дел од имотот на друштвото;
- позјамувања кои ги надминуваат обичните позамици кои се потребни за спроведување на бизнис операциите на друштвото;
- склучување на трансакции со дериватни финансиски институции; и
- инвестиции на друштвото кои претставуват повеќе од 10% од основниот капитал на друштвото или инвестиции на друштвото кои претставуваат повеќе од 10% од капиталот на друштвото каде

се вложува.

Извршниот член на одборот на директори е должен да:

- обезбеди друштвото за осигурување да работи согласно со правилата за управување со ризик, согласно со овој закон и други закони кои го регулираат работењето на друштвото за осигурување;
- врши контрола над ризиците од работењето на друштвото за осигурување, како и да презема соодветни мерки за управување со тие ризици;
- воспостави систем на внатрешна контрола во сите делови од работењето на друштвото за осигурување, како и систем на внатрешна ревизија со што ќе се обезбеди работењето на друштвото за осигурување да биде во согласност со овој закон;
- обезбеди дека друштвото за осигурување ги води трговските книги и другата сметководствена документација, ги вреднува ставките во деловните биланси, изготвува годишни извештаи, како и извештаи до Агенција за супервизија на осигурување, согласно со овој закон; и
- именува овластено лице за имплементирање на програмата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, односно ќе формира оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Извршниот член на одборот на директори редовно ги известува неизвршните членови на одборот на дирктори за:

- планираната деловна политика и други начелни прашања сврзани со работењето на друштвото;
- тековните активности и финансиската состојба на Друштвото;
- за работи кои значително влијаеле на платежната способност на Друштвото;
- спроведувањето на прифатената деловна политика;
- други активности од значење за Друштвото; и
- други прашања побарани од страна на Одборот на директори.

## IX. ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ, ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАБРАНА ЗА КОНКУРЕНЦИЈА

### Доверливост на податоците

### Член 58

Друштвото е должно да ги третира како доверливи податоци сите лични податоци и други податоци за осигурениците или други корисници на осигурување со кои се стекнало во текот на вршењето на работите на осигурување.

Членовите на одборот на директори, акционерите, вработените и други лица во Друштвото кои при работењето имаат пристап до доверливите податоци во рамките на нивната работа или кои на кој било начин ќе дознаат некоја деловна тајна, истите не смеат да ги пренесуваат на трети лица, самите да ги користат или, пак, да дозволат трети лица да ги користат, освен ако поинаку не е определено со закон.

### Член 59

Друштвото има обврска да прибира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се потребни при склучување на договорите за осигурување, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и со посебните прописи кои се однесуваат на бази на податоци од областа на осигурувањето на начин предвиден со закон.

### Деловна тајна

### Член 60

Сите членови на одборот на директори, вработените со посебни овластувања и одговорности и работниците се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле и кои се прогласени како деловна тајна.

Членовите на одборот на директори, вработените со посебни овластувања и одговорности и вработените се должни да ги чуваат како деловна тајна сите доверливи податоци што се однесуваат на работењето на

Друштвото, дури и по престанокот на нивниот мандат.

**Член 61**

За деловна тајна се сметаат:

- сите документи кои надлежниот орган ќе ги прогласи за деловна тајна;
- податоци утврдени како деловна тајна во согласност со закон, други прописи, Статутот или друг општ акт на Друштвото;
- сите податоци кои не се јавно објавени или кои не се заштитени од јавноста;
- техничко-технолошки решенија, истражувања и пронајдоци, патенти и лиценци;
- план на техничко обезбедување на објектите и имотот на Друштвото.

**Член 62**

Неовластено откривање на деловна тајна претставува тешка повреда на работната обврска.
Должноста за чување на деловна тајна трае 5 (пет) години по престанување на работниот однос на работникот во Друштвото, односно од престанокот на Друштвото.

## X. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК И ИМОТ НА ДРУШТВОТО

**Член 63**

Работите од обласа на осигурувањето Друштвото ги врши во свое име и за своја сметка.
Имотот на Друштвото е единствен во функцијата и служи за извршување на сите обврски настанати во текот на работењето и за обврските од договорите за осигурување.
Друштвото е должно да работи во согласност со и да се придржува до законските одредбите кои се на сила како и внатрешните правила кои ги имаат донесено соодветните органи на Друштвото, а кои го регулираат управувањето со ризик и средствата на Друштвото.

**Член 64**

Имот на Друштвото е:

1. основна главнина;
2. премии од осигурување;
3. средства на техничките резерви;
4. средства на математичка резерва;
5. средства на резервите на сигурност; и
6. други средства.

Резервите и фондовите од став (1) од овој член, ќе се основаат и одржуваат во согласност со важечките одредби на Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за трговски друштва.
Имотот на Друштвото може да се вложува согласно оганичувањата од Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговски друштва и овој Статут.
Остварената добивка или загуба на Друштвото за финасиската година се распределува во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурувањето, Законот за трговските друштва и други применливи закони и регулативи.

## XI. ОВЛАСТЕН АКТУАР

**Член 65**

Друштвото ќе назначи овластен актуар и ќе ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување за назначувањето, во роковите и под условите предвидени со Законот за супервизија на осигурувањето.
Овластениот актуар е должен:

1. да врши проверка на усогласеноста на податоците во годишните сметки со осигурителните

сметководни стандарди и правилноста на пресметките во годишните сметки во однос на формирањето на техничките резерви и другите резерви на Друштвото.

2. да провери дали премиите и техничките резерви се пресметани во согласност со законските одредби, како и дали истите се пресметани и издвоени на начин кој ќе овозможи долгорочно исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување од страна на Друштвото.
3. да врши други работи предвидени со законските прописи и внатрешните прописи на Друштвото.

## XII. ТРГОВСКИ КНИГИ, ГОДИШНИ СМЕТКИ И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### Член 66

Друштвото е должно да води трговски книги и да изготвува годишни извештаи, да составува сметководствени документи, да ги вреднува ставките во деловните биланси и годишните сметки и да ја известува јавноста за податоците од годишните извештаи, согласно одредбите од Законот за трговски друштва, Законот за супервизија на осигурувањето, прописите донесени врз основа на овие закони и овој Статут.

Друштвото е должно да го организира своето работење согласно став (1) од овој член, на начин кој ќе овозможи непречено и ефикасно спроведување на супервизија на работењето согласно правилата за управување со ризик.

### Член 67

Финансиската година на Друштвото започнува на 1 Јануари, а завршува на 31 Декември секоја календарска година.

Финансиските извештаи вклучуваат: биланс на состојба, биланс на успех, извештај за промените на основната главнината, извештај за готовинските текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со усвоените меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување.

Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави неревидиран годишен финансиски извештај најдоцна до 1 март во тековната за претходната година.

Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави примерок од годишниот извештај за работењето заедно со извештајот за извршената ревизија во рок од осум дена од денот на усвојувањето на годишниот извештај за работењето.

Годишниот извештај на Друштвото вклучува и потврда од овластен актуар со мислење за тоа дали премиите и техничките резерви се пресметани во согласност со Законот за супервизија на осигурување.

### Член 68

Одборот на директори врз основа на Одлука на Собранието и во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва и Законот за супервизија на осигурувањето, може да исплати дивиденда во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

Со Одлуката на Собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда, се определува:

1. износот на дивидендата;
2. листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда; и
3. планот за исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата се исплаќа (ден на исплата) и начинот на кој Друштвото ги известува лицата кои имаат право на дивиденда според донесената

одлука.
Дивидендата се исплаќа не подоцна од 9 (девет) месеци по крајот на финансиската година.

## XIII. КОНТРОЛА, НАДЗОР, РЕВИЗИЈА И СУПЕРВИЗИЈА

### Внатрешна ревизија

### Член 69

Одборот на директори на друштвото е должен да воспостави внатрешна ревизија како независна организациона единица. Службата за внатрешната ревизија се состои од најмалку еден овластен ревизор согласно Законот за ревизија. Лицата кои ја спроведуваат внатрешната ревизија не може да вршат и други активности во Друштвото. Членовите на одборот на директори на Друштвото не можат да спроведуваат внатрешна ревизија.

Внатрешните ревизори вршат целосна ревизија на работењето на Друштвото со цел да се утврди дали Друштвото:

1. ги врши работите на осигурување во согласност со Законот за супервизија на осигурување, како и во согласност со внатрешните прописи и стандарди на Друштвото со кои се регулира работењето на Друштвото;
2. води трговски книги и изготвува годишни извештаи, составува сметководствени документи, ги вреднува ставките во деловните биланси и годшни сметки и ја известува јавноста за податоците од годишните извештаи согласно со Законот за супервизија на осигурување, прописите донесени врз основа на овој закон, како и согласно внатрешните прописи со кои се регулира работењето на Друштвото.

Внатрешната ревизија е должна да ги усогласи методите на работењето со работата на надворешните ревизори на Друштвото кои ги ревидираат годишните финансиски извештаи, или, пак, вршат посебна ревизија на барање на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Внатрешна ревизија изготвува внатрешни ревизорски извештаи и програми, дава известувања и врши и други работи во согласност со Законот за супервизија на осигурување и другите применливи закони.

За целите на извршување на нивните функции и должности, внатрешните ревизори имаат целосен пристап до сите пишани и електронски информации и неограничено право на добивање на информации.

Одборот на директори донесува правила за работењето на внатрешната ревизија, што дополнително се уредува организацијата, овластувањата, должностите и одговорностите на внатрешната ревизија.

### Член 70

Внатрешната ревизија на Друштвото, на почетокот на секоја година усвојува годиша програма за внатрешна ревизија која ја одобрува одборот на директори. Годишната програма за внатрешна ревизија ги содржи областите од работењето на Друштвото на кои ќе се врши ревизија на работењето и опис на содржината на планираните оперативни ревизии на одделни области од работењето.

Врз основа на Годишната програма за внатрешната ревизија Одборот на директори ќе донесе и План за работа на внатрешната ревизија.

### Член 71

Внатрешната ревизија е должна најмалку два пати годишно да изготви извештаи за спроведената внатрешна ревизија, кои содржат:

1. опис на спроведените ревизии на работењето;
2. адекватност и ефикасност на системот на внатрешна ревизија;
3. незаконитости и неправилности откриени при спроведувањето на внатрешната ревизија и предложените мерки за отстранување на тие незаконитости и неправилности;
4. заклучоци во врска со спроведување на предложените мерки за отстранување на незаконитостите и неправилностите откриени при внатрешната ревизија.

Внатрешна ревизија е должна да изготви годишен извештај за внатрешната ревизија, кој содржи:

1) извештај за реализација на годишната програма за внатрешна ревизија;
2) преглед на позначајни сознанија стекнати при спроведувањето на внатрешната ревизија.

Извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член внатрешна ревизија ги поднесува до одборот на директори, а извештајот од став (2) од овој член и до неизвршните членови на Одборот на мислење.

Одборот на директори е должен годишниот извештај за внатрешната ревизија, придружен со мислење од страна на неизвршните членови на Одборот, да го стави на дневен ред на годишното собрание на акционерите, заедно со ревизорскиот извештај за Друштвото.

**Надворешна Ревизија**

**Член 72**

Друштвото е должно да изготви деловни биланси и годишни извештаи и да ги поднесе на надворешна ревизија.

Собранието ќе се избере надворешниот ревизор на Друштвото, и Друштвото треба да обезбеди согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување за избраниот надворешен ревизор. Определениот надворешен ревизор ќе ја изврши ревизијата во Друштвото само откако е дадена таква согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување.

Извештајот на ревизорот ќе биде подготвен и ќе ги содржи информациите определени со важечките прописи, особено со Законот за супервизија на осигурување и прописите усвоени од страна на Агенцијата за супервизија во осигурувањето.

Друштвото е должно најмалку во еден дневен весник и во Службен весник, да го објави ревизорскиот извештај придружен со мислењето на ревизорот и финасиските извештаи (без белешките), во рок од 15 дена од усвојување на извештајот од страна на Собранието на Друштвото, но не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година на која се однесува извештајот.

## XIV. ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

**Член 73**

Друштвото може да престане доколку се исполнат условите предвидени во закон и тоа:

1. истекот на времето определено со статутот, ако друштвото било основано на определено време;
2. одлука на собранието;
3. правосилна одлука на судот се утврди ништовност на друштвото и на уписот на друштвото во трговскиот регистар;
4. присоединување, со спојување или со поделба на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање;
5. стечај или ликвидација;
6. други начини согласно закон.

## XV. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

**Член 74**

Статутот и неговите измени се донесуваат со Одлука на Собранието на Друштвото, по предлог на Одборот на директори или Акционерите, а во постапка што е определена со закон и овој статут.

Одлуката на Собранието за измената на Статутот почнува да се применува по добивање на претходна согласност за измената на Статутот од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

## XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 75**

Одредбите во Статутот се изработени во согласност со важечки законски одредби.

Статутот е напишан на македонски јазик. Македонскиот текст се смета за оригинален примерок на овој

Статут.

Статутот влегува во сила на денот на неговото донесување, а почнува да се применува по добивањето на согласност  од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**President of the Board of Directors ofPRVA LIFE JSC Skopje/ Претседател на Одбор на директори ПРВА ЖИВОТ АД Скопје**

**Janez Kranjc/ Јанез Крањц**